Јавно претпријатие
Ndërmarrja publike
ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО
PARQE DHE GJELBËRIME
Скопје, Република Северна Македонија
Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Број/Numër: 08-259/1
Дата/Data: 30.01.26

ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО – СКОПЈЕ

ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО
NP PARQE DHE GJELBËRIME
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ • СКОПЈЕ NDËRMARRJA PUBLIKE • SHKUP

# ПРОГРАМА
# ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ НА ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО – СКОПЈЕ, ВО ДЕЛОТ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА

Скопје, Јануари 2026 година

Согласно член 83-85 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност *(Сл. весник бр. 37/97 – 119/2016)*, чл. 26 и чл. 30 од Статутот на ЈП Паркови и зеленило- Скопје., Директорот на ЈП Паркови и зеленило - Скопје, на Седницата одржана на ден 05.02.2026 г. на Управниот одбор на ЈП Паркови и зеленило ја достави за усвојување следната

**П Р О Г Р А М А**

**за дополнителни активности на ЈП Паркови и зеленило – Скопје, во делот на одржување на јавни зелени површини на подрачјето на Град Скопје, за 2026 година**

Во ЈП Паркови и зеленило во одржувањето на јавните зелени површини на поедини објекти кои се под ингеренција на Градот Скопје се забележува значително зголемен интензитет на одржување, што е во корелација со потребите на Градот, структурата на зеленилото и сите биотски и абиотски влијанија.

Во рамките на булеварското и блоковското зеленило новоподигнати и реконструирани се вкупно 179.849 м2 зеленило. Во 2025 година, извршена е комплетна структурна промена на тревните површини, интензивно пополнети со украсно - декоративен посадочен материјал, перени и сезонско цвеќе, што бара зголемување на интензитетот на плевење, кроење, прoредување, обликување и повеќекратна замена на цветните детали.

Зголемениот интензитет на основните операции во булеварското зеленило како и одржувањето на неуредените површини бара вклучување на дополнителен број на непосредни извршители, независно од планирањето во Програмата за редовно одржување за 2026 година.

## Новоподигнати и реконструирани зелени површини 2025 година

| Бр. | Адреса | М2 |
|---|---|---|
| 1 | Реконструкција на јавна површина -кеј на река Вардар-потег од пешачки мост кај Орка Холдинг до средина на потегот со мост Љубљанска (фаза 2) | 11,935 |
| 2 | Реконструкција на јавна површина -кеј на река Вардар-потег од пешачки мост Орка холдинг до мост Љубљанска (фаза3) | 13,865 |
| 3 | Реконструкција на јавна површина -кеј на река Вардар-потег од мост Љубљанска до пешачкиот мост | 13,289 |
| 4 | Реконструкција на јавна површина-кеј на река Вардар-потег од пешачки мост до летна сцена. | 4,891 |
| 5 | Реконструкција на јавна површина-кеј на река Вардар-потег од летна сцена до мост Обединети нации. | 11,923 |
| 6 | Реконструкција на јавна површина -кеј на река Вардар-потег од мост 8-ми Септември до Влада<br>фаза 1 - од мост 8-ми Септември до Градски Парк во близина на центар на игри со ласери | 13292 |
| 7 | Реконструкција на јавна површина-кеј на река Вардар-десна страна<br>Потег од мост Близнак до Рајски парк-фаза1 | 9,800 |
| 8 | Реконструкција на јавна површина-кеј на река Вардар-десна страна<br>Потег од мост Близнак до Рајски парк-фаза2 | 9,733 |
| 9 | Реконструкција на јавна површина-кеј на река Вардар-лева страна<br>Потег од мост Близнак до Рајски парк-фаза1 | 8,600 |
| 10 | Реконструкција на јавна површина-кеј на река Вардар-лева страна<br>Потег од мост Близнак до Рајски парк-фаза2 | 8,473 |
| 11 | Реконструкција на тревна површина во Мега Парк Карпош | 35,000 |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Реконструкција на јавна површина -кеј на река Вардар-потег од мост 8-ми Септември до Влада<br>фаза 2 - од Градски Парк во близина на центар на игри со ласери до Хотел парк | 8,019 |
| 13 | хортикултурно уредување на дел од средишна лента на бул. Никола Карев кај раскрсницата со ул. Македонско Косовска Бригада | 479 |
| 14 | реконструкција на јавна зелена површина - Парк во општина Сарај 1 Фаза | 11,700 |
| 15 | реконструкција на јавна зелена површина - дел од парк во општина СРЦ Сарај Фаза2А | 8,150 |
| 16 | Реконструкција на тревната површина во мега парк Карпош | 10,700 |
| | **Вкупно:** | **179,849** |

Врз база на зголемениот интензитет на оредени операции на новоподигнатите и реконструрианите површини како и одржувањето на неуредените површини се предлага зголемување на потребниот број непосредни извршители. За реализација на оваа Програма, потребно е вклучување на работници, распоредени по објекти, во зависност од динамиката и интензитетот во одржувањето на зеленилото.

Висина на надоместокот за исплата на работниците е утврдена во висина на минималната плата на ниво на РСМ, на нето износ зголемен со пресметан данок и трошок за осигурување.

Вкупно потребни средства за исплата на надоместок изнесува 15.000.000,00 денари.

## ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ

За реализација на Програмата за дополнителни активности во делот на одржување на јавното зеленило, средствата за исплата на надоместоци за работниците, се обезбедени од буџетот на Градот Скопје од Програма Ј7 – 461 – Субвенции за ЈП Паркови и зеленило Скопје – за јавни работи.

## ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Согласно член 83-85 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност *(Сл. весник бр. 37/97-119/16)* за извршување на јавни работи кое не спаѓаат во редовните програмски активности на претпријатието, може да се организираат јавни работи. Програмата за јавни работи ја подготвува организаторот. Јавните работи ги организираат единиците на локалната самоуправа и заинтересираните работодавачи од Јавниот сектор *(чл. 84 од горецитираниот закон)*

Ова е десета година, како во соработка со Град Скопје се организираат јавни работи.

Програмата ќе се реализира по добивање согласност од страна на Советот на Град Скопје.

Изготвиле: Александра Минчева Лукиќ
Ирена Ѓуревска
Контролирал: Тања Стојкоска

**J.П. Паркови и зеленило/**
**NP Parqe dhe Gjelbërime**
**в.д.Директор/ u.d.Drejtor**
**Muamer Seferi**